Форум социјална демократија
Визии и опции за Југоисточна Европа

# 6

# Социјална праведност
## за 21. век



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

*Што претставува социјалдемократијата во денешниот глобализиран свет? Што претставува социјалната демократија?*

*Дали е сé уште присутен интересот на граѓаните за политиката во доволна мера? Дали може повторно да се поттикне?*

*Дали се компатибилни стопанската динамика и социјалната правда? Кои конкретни политики се покажаа како остварливи? Колку беа успешни?*

*Овие и други прашања се релевантни во сите региони на светот. Со серијата публикации „Материјали за социјалната демократија“, Фондацијата Фридрих Еберт сака да даде придонес во дебатата на овие теми во Југоисточна Европа. Публикациите се проследени со Интернет-форумот www.forum-social-democracy.org. Ги покануваме сите читатели да учествуваат активно во овие дебати.*


**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Шимина 1
11000 Белград
Србија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Скопје**
Бул. „Св. Климент Охридски“ 21/1
1000 Скопје
П. Фах. 423
Македонија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Сараево**
Сумбула Авде 7
71000 Сараево
Босна и Херцеговина

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Прашка 8
10000 Загреб
Хрватска



- *Текстот е објавен и на српски, албански, бугарски и романски јазик*
- *Сите текстови можете да ги најдете на Интернет: www.fes.org.yu*


FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# Нови патишта кон слободата, правдата и солидарноста

# Германските социјал-демократи ги формулираат одговорите на предизвиците на 21. век

Во април 2006 година Претседателството на Социјал-Демократската Партија на Германија ги изготви „Водечките начела на патот кон новата програма на СПД“.
Прочитајте ја скусената верзија на *„Основните начела“*.

## Социјална праведност за 21. век

## Водечките начела на патот кон новата програма на СПД

.... Денес социјалдемократијата има задача натаму да ја развива идејата на социјалната правда за 21. век, да ја јакне демократијата во однос на поединечните стопански интереси и да се грижи да дојдат до израз потенцијалите на нашето општество како и неговите граѓани. ....

Првата програма на СПД во 21. век мора ...да даде нови одговори во врска со: предизвиците на европеизацијата, на глобализацијата, на социјалните, демографските и техничките промени. Живееме во ера на неистовременост. Се создава нешто ново, а старото само постепено го губи своето значење. ....

**Нови одговори на предизвиците за европеизација, глобализацијата и на социјалните, демографските и технлошките промени.**

Ние не се залагаме за пасивно прилагодување кон промените, туку за нивно активно креирање. Постоењето на многуте различни пазарни стопанства и социјални држави во светот и во Европа, јасно укажува на тоа дека и денес сè уште постои значителен простор за слободно креирање во национални рамки...

Како левичарска народна партија во Германија ние водиме дискусија за основните начела на новата програма за целокупното општество. Бараме сојузништво од сите оние кои ги поддржуваат вредностите и целите на социјалната демократија. Самоуверено се соочуваме со оние кои застапуват поинакви ставови. Со нив ќе водиме офанзивен натпревар за подобри идеи за Германија. Пазарните радикали формулираат едно нечесно ветување за слобода кое егоизмот на поединецот го воздигнува на ниво на принцип. Денес на еден посебен начин сме предизвикани против претставите и развојните тенденции кои имаат за цел, да ја ослабат и омаловажат државата, а да го радикализираат пазарното стопанство. Конзервативците ја игнорираат околноста дека општеството на слободни и еднакви личности е можно само таму каде политиката ги креира предусловите за едно такво општество. Левичарските популисти, од друга страна, не ја почитуваат желбата на луѓето за слобода и се носат со илузијата за напуштање на стварноста во која се случуваат промени. ...

Оттаму, во оваа рана фаза на 21. век е битно пред сè да се создаде нов консензус за тоа во какво општество сакаме да живееме и кои задачи мораат во прв ред да се преземат. Во таа смисла за нас од исклучително значење се три проекти:

- Мораме да ја креираме глобализацијата и новата Европа политички да ја зацврстуваме и социјално да ја развиваме.

- Мораме да го обновиме пазарното стопанство врз основите на фер конкуренција и иновации.

- Се залагаме за една нова слика за социјалната држава која делува превентивно.

# Основните вредности на социјал-демократијата

... Појдовна точка и цел на сето наше политичко дејствување се еднакво достоинство и еднаква слобода за сите луѓе. Социјал-демократите се стремат кон едно општество во кое секој човек може да ја развие својата личност и тоа во услови на слобода. Достоинството на човекот е независно од неговата работа и користа што општеството ја има од него.

**Социјал-демократијата претставува слободарско движење.** Без слободата на поединецот во смисла на самоопределување кое носи социјална одговорност не може да постои слободно општество. Едновремено за слободата на поединецот, од своја страна, постојат општествени претпоставки. Слободата не значи само ослободеност од принуди, туку пред сè и слобода за сопствено креирање на животот. Зашто само тогаш кога луѓето имаат слободен пристап до јавните добра, како што се образованието и информациите, и кога тие се во задоволителна мерка материјално обезбедени, само тогаш луѓето можат да бидат во состојба да водат слободен живот. ....

**Правдата** изискува сите луѓе независно од потеклото, полот или припадноста кон една определена генерација да имаат можност за учество во претпоствките и средствата кои овозможуваат живот според сопствена определба и сопствена одговорност. Праведното учество во прв ред значи еднаквост на шанси. Затоа тоа се остварува само таму каде секој човек секогаш одново добива можност за живот според сопствена одговорност, каде добива можност да учествува во образованието, да работи и да ужива во можностите што ги нуди општеството. И праведната распределба на општествената благосостојба има за цел подобрување на можностите за користење на животните шанси на сите луѓе во нивното општество. Правдата изискува да бидат обезбедени еднаква слобода и еднакво достоинство за сите луѓе – независно од нивниот работен учинок за општеството. Меѓутоа, правдата изискува и признавање на нивниот различен учинок за општеството.

**Солидарноста** е готовност на луѓето и групите, дури надвор од нивните правни обврски, активно и доброволно да се залагаат еден за друг. Тука станува збор за тоа да е залагање за послабите, но едновремено и за готовност на сите луѓе активно да се ангажираат за доброто на заедницата. Оваа спремност за заедништво на луѓето претставува основа на нашето општество. Нашата социјална држава претставува организирана солидарност. Само онаа заедница, чии припадници се спремни за солидарност и кои се спремни, само таа заедница ќе може да се покаже како дорасната на идните предизвици. Меѓутоа, способноста и готовноста за солидарност не доаѓаат сами од себе и не можат да се изнудат. Напротив, солидарноста во нашето општество мора ден за ден секогаш одново да се создава и тоа преку процесот на разбирање. Во услови на индивидуализирано општество со различни начини на живот солидарноста која активно се живее станува едновремено и потешка и позначајна.

**Одлучувачко е сознанието дека основните вредности слобода, правда и солидарност се условуваат, дополнуваат и ограничуваат една од друга.**

Одлучувачко е сознанието дека основните вредности слобода, правда и солидарност се условуваат, дополнуваат и ограничуваат една од друга. Единствено таму каде постои заеднички стремеж кон овие три основни вредности и каде тие се бранат, може секоја од нив поединечно да се реализира. Оној кој сака да ги искористи една против друга, на крајот нема да исполни ниту една од овие вредности. Ова темелно сознание ја разликува СПД од другите партии во Германија. ...

# Целите на социјалната демократија

*Нашата цел е: Мирољубив светски поредок*

Основните вредности на социјалната демократија не запираат на границите на една национална држава. Нашата цел е мирољубив светски поредок. .... Знаеме дека националните интереси можат да се следат само во хармонија со нашите европски и глобални партнери. Обединетите Нации се најзначајниот инструмент на заедницата на народите за создавање на мир и стабилност во целиот свет. За да се направат поделотворни и подемократски неопходна е нивната натамошна реформа. Обезбедувањето на одржлив мир претставува глобална задача. Таа претполага постоење на една глобална безбедносна архитектура која ќе се базира врз темелите на мултилателаризмот и превенцијата на кризи со мирољубиви средства. Нашиот проширен поим на безбедност пред сé вклучува политички, економски, социјални, еколошки, развојно-политички и дипломатски стратегии. Тие се делотворни и одржливи при превентивното обезбедување мир. Знаеме дека и воените средства можат да бидат неопходни заради обезбедување мир. Меѓутоа, тие треба да се користат исклучиво како последно средство, само тогаш кога сите други мерки се исцрпени, во стриктно содејство со меѓународното право како и по добивањето согласност од Германскиот Бундестаг. Правната државност мора глобално да се обезбеди преку јакнење на меѓународното правосудство. ...

**Трајното обезбедување на мирот е глобална задача. Таа претпоставува постоење на една глобална безбедносна архитектура која се заснова на начелата на мултилатерализмот и превенцијата на кризи со мирољубиви средства.**

Нам ни е потребна Европа за да можеме да ја засилиме оваа претстава за светот утре. Доколку Европа ги обедини своите потенцијали, тогаш таа ќе има голема тежина во светот. Ние социјал-демократите сакаме активно да ја прифатиме одговорноста за реализирање на оваа цел. Само Европа која е обединета надворешно-политички може да даде делотворен придонес за мир и стабилност, за одржување и продор на меѓународното право и човековите права, за разоружувањето и контролата на вооружувањето како и за сузбивањето на сиромаштијата во светот. Затоа енергично мораат да се унапредуваат заедничката надворешна, безбедносна и развојна политика.

*Наша цел: Фер глобализација*

Политичкото креирање на глобализација создава шанса во светски размери да се зголеми благосостојбата и правдата и да им се овозможи на повеќе луѓе да уживаат во плодовите на овој развој. Фер глобализација значи две нешта: повеќе шанси за регионите во развој, но и јасни правила на игра за развиените земји како и за претпријатијата кои делуваат на глобален план. Ние сакаме на меѓународниот капитализам да му дадеме нова рамка во уредувањето глобалното социјално пазарно стопанство. За таа цел се нужни меѓународна финансиска архитектура како и спроведувањето на социјалните и еколошките стандарди - во рамките на меродавни меѓународни институции на светската економија и преку самата светска економија. Клучен одговор на глобализацијата е јакнењето на Европа како внатрешно така и надворешно. Тоа што не може повеќе да го обезбеди националната држава, мора да се овозможи преку новите форми на државност на европско и меѓународно рамниште...

*Наша цел: благосостојба и вработување*

Нашите цели се благосостојба за сите и учество на сите луѓе во стекнувањето приходи преку работење. ... Сите луѓе поседуваат право но и обврска со својот труд да си обезбедат средства за живот, доколку се способни за тоа. Политиката која не отстапува од целта да обезбеди вработување за сите, во едно динамично општество не може да биде насочена на тоа само да ги брани сосема конкретните и

веќе постоечките работни места. Економската политика и политиката на вработување во 21.век ќе биде успешна само тогаш, доколку комбинира два пристапа. Од една страна треба да има доволно нови работни места, а од друга страна луѓето мораат во текот на својата работна кариера да бидат поддржани во тоа, да во својата професија можат да одговараат на барањата што постојано се менуваат. Подобрите шанси на пазарот на трудот претставуваат основа за остварување на целта на рамноправност меѓу половите. ...

*Наша цел: Солидарност меѓу генерациите во општество кое е во склад со потребите на децата*

Германија се соочува со развој на населението кое во многу области изискува енергична промена во начинот на мислењето и енергичен пресврт. На нашето општетство му требаат децата. ... Да се изнајдат средства и патишта за да се ублажат неповолните последици од развојот на населението - тоа претставува прва задача на политиката на генерациска солидарност. Меѓутоа, нема да биде доволно само прилагодувањето кон процесот на стареење. Политиката истовремено мора колку што може да придонесе за подобрување на неповолниот демографски развој. Тука спаѓаат разумната миграциска и политиката на интеграција, исто толку колку и политиката за едно општество во склад со потребите на децата. ...

**На жените им се потребни еднакви шанси во пазарот на трудот. На децата им се потребни добри можности за згрижување од самиот почеток. На семејствата им е потребна финансиска помош. И мажите треба да имаат можност да ја исполнат својата задача како татковци.**

Ниту едно дете во Германија не смее да се запоставува, ниту еден млад човек не смее да биде без шанси за иднината. Сите деца имаат еднакво право на тоа да бидат добро згрижени од самиот почеток. Од квалитетот на образованието и наобразбата на нашите деца зависат едновремено и нивните индивидуални животни шанси како и стопанската иднина на нашата земја. Ние се залагаме за семејна политика која на младите жени и мажи им олеснува да ја остварат својата потреба да имаат деца, без при тоа да бидат загрозени нивните желби и перспективи. Во таа смисла треба да бидат исполнети четири услови. Прво: на жените им требаат исти шанси на пазарот на трудот. Претпоставка за постоењето на генерациската солидарност е рамноправноста меѓу половите. Второ: на децата им требаат добри можности за згрижување од самиот почеток. Трето: на семејствата им треба финанстиска поддршка. И четврто: и на мажите треба да им се овозможи, но и тие треба да сакаат да ја исполнат својата родителска задача.

.... Социјалното учество на постарата генерација мора да биде загарантирано во сите подрачја на животот. За да се постигне тоа, потребна ни е сеопфатна политика за постарата возраст која ќе ги постави темелите на еден нов облик на генерациска солидарност и која ќе ги поврзе големиот број на жени кои живеат сами.

*Наша цел: социјално учество на сите*

.... Во однос на изминатите децении денес социјалното потекло повторно посилно одлучува во однос на животните, образовните и професионалните шанси. Нашата цел е учество на сите луѓе во социјалниот и културнот живот. .... Оној кој работи полно работно време треба од својата плата да може сам да се издржува. Големите социјални ризици како што се болест, инвалидитет и невработеност, како и оние од општествен аспект гледано пожелни фази во кои не се работи како што се одгледувањето на деца и староста, мораат солидарно да се обезбедат. .... Ние сакаме [нашиот систем на социјална безбедност] сега да го обновиме во рамките на заедничкиот европски социјален модел и да го направиме да биде кадарен за иднината на 21. век. Таму каде може да учиме од добрите искуства со кои се стекнале другите земји во текот на обновувањето и модернизирањето на своите општествени и државно-правни заедници, таму мораме да имаме храброст да чекориме по новите патишта.

**Станува збор за најдоброто можно образование за сите почнувајќи од детските градински преку училиштата па сè до високото образование**

Дали луѓето ќе имаат шанса за учество преку образованието - тоа не треба да зависи од нивното социјално и етничко потекло нити пак од нивната полова припадност. Затоа пристапот кон образованието, наобразбата и културата претставува централен елемент на еднаквоста на шанси и на правото на учество. Децата кои потекнуваат од опшетствените слоеви за кои образованието е далечно, често имаат миграциско потекло, и ним им е потребна нашата специјално насочена поддршка. Во сите области на нашето општество имаме потреба од повеќе луѓе со квалитетна наобразба и високо образование. Пристапот кон студиите треба пошироко да се отвори за талентираните лица од сите слоеви. .... Станува збор за најдобрата можна наобразба и образование за сите почнувајќи од детските градинки, преку училиштата до високото образование како и за истовремена помош и во широчина и кон врвот.

*Наша цел: Одржлив напредок*

Нашата цел е напредок кој ќе ја следи основната идеја за одржливост. Тоа значи дека не смееме да делуваме само тука и сега, туку дека треба да преземеме одговорност за иднината на генерациите кои доаѓаат. Со прашањето за идното користење на енергија се содржани стопански и еколошки предизвици на глобално рамниште. Сакаме и мораме да излеземе од опасностите и принудите на атомската и нафтена индустрија, за да можеме долгорочно да го унапредуваме преминот кон ерата на соларната енергија. Не можеме да се одречеме од заложбата за престанување на користењето на атомската енергија. Се залагаме за создавање и примена на една нова мешавина од енергија која се состои од заштеда и ефикасност на енергијата, од интелигентното користење на јаглен и гас и пред сè од изградбата на системи на обновливи видови енергија. ....

# Нов социјален консензус

Слободата, правдата и солидарноста се основните вредности на кои се обврзува социјал-демократијата и во 21. век. Општеството на слободни и еднакви личности има потреба од консензус околу тоа како ќе ги доведе во согласност различните интереси на различните општествени групи, генерации и полови. ...

Новиот социјален договор мора да ја јакне демократијата. Сакаме жива демократија и рамноправно учество на сите во донесувањето на одлуките во општеството. Демократијата никогаш не може бесконечно да се обезбеди, за неа треба секогаш одново се избориме и да ја исполниме со живот - во ситните како и во големите работи. Се залагаме за една делотворна држава во активно граѓанско општество. Одлучувачки за прифаќањето на демократската држава за граѓанките и граѓаните е можноста за разбирање на нејзиното делување на сите нивоа. ....

**Се залагаме за една делотворна држава во активно граѓанско општество**

Потребно ни е силно граѓанско општество. За да ги обновиме социјалните врзувачки сили, солидарноста и единството насекаде во нашето општество, за да можеме одговорно да ги користиме слободите и за да можеме на сите луѓе да им обезбедиме и развиеме јавен простор за остварување на квалитет на животот, потребни ни се активни граѓанки и граѓани. ....

Потребен ни е позитивен однос кон нашата држава. Нужна е активна и кооперативна држава, која ќе ги поддржува граѓанките и граѓаните во тоа да дејствуваат на сопствена одговорност и солидарно. Ваквата држава не смее да биде ниту бирократска, ниту пак, слаба и без авторитет. Потребна ни е делотворна држава. Таа држава има потреба од финансиски ресурси, за да може да дејствува во смисла на заедничкото добро. ....

Според нашето согледување мора да се создаде социјален консензус кој ќе се базира посебно на следните стојалишта:

- Доколку во 21. век се бара повеќе флексибилност, тогаш мораме да се потпреме на обновените видови социјална безбедност

кои одговараат на времето, на учеството во тоа што се поседува и учеството во тоа за што се одлучува. Се залагаме за образование и активност.

- Доколку во иднина сакаме да го одржиме високиот степен на благосостојба, тогаш се потребни повеќе јавни инвестиции во социјалните услужни дејности, во образованието, иновациите и инфраструктурата.

- Доколку државата треба во изменети услови да ја одржи својата ефикасност и легитимитет, тогаш нејзините граѓанки и граѓани мораат секогаш да ја чувствуваат како партнер на кој во секое време можат да се потпрат.

- Доколку сакаме глобалните пазари трајно да ја зголемат благосостојбата и да овозможат повеќе вработувања, тогаш тие мораат за доброто на сите, да бидат фер организирани на национално, европско и меѓународно ниво.

- Доколку сакаме во услови на нашето време да ја оствариме рамноправноста меѓу половите, тогаш жените треба да добијат еднакви шанси на пазарот на труд и тогаш мора на жените и мажите да им се обезбеди можност за спојување на работата и семејството.

- Ако во 21. век се залагаме за зголемување на стопанскиот раст, тогаш мора да биде јасно дека за такво нешто можеме да преземеме одговорност и дека тоа ќе биде можно само врз основа на одржливо користење на ресурсите. ....

За да можеме меѓусебно да ги поврземе промената и сигурноста, за нас од посебно значење се три централни елементи: сеопфатното свртување кон европската димензија во креирањето на политиката, обновувањето на социјалното пазарно стопанство како и систематски развој на социјалната држава која делува превентивно.

*Политички да се јакне и социјално да се гради новата Европа*

Во ерата на глобализација Европа претставува простор за градење на животните услови и истовремено простор за заштита. Јасно е дека предностите на обединета Европа преовладуваат наспроти секоја друга алтернатива што може да се замисли. .... [Меѓутоа] европскиот процес на обединување и во Германија има и губитници и победници. Затоа е нужно да постои Европа, која ќе се сфати себеси како заеднички животен простор што ќе се заснова едновремено на конкурентност, обезбедување на минималните социјални стандарди и одржливост.

Интеграцијата насочена еднострано само во однос на економијата го загрозува постоечкото заедништво и легитимитетот на европскиот проект. Само доколку луѓето успеат да се уверат во корист од Европската Унија, само тогаш може да се продолжи со нужното продлабочување на Европската Унија. Оттаму, оној кој сака да профитира од Европа, истовремено мора да создаде социјални услови за стопански растеж. Оние, за кои европската политика е неповолна, не смеат да бидат оставени на цедило од оние кои се победници.

**Не постои еден единствен Европски социјален модел, но постои заедничка обврска врз принципот на Социјалното пазарно стопанство**

Европа во 21. век може да биде иновативен и растечки регион само доколку едновремено се креира како еден атрактивен социјален простор. Не постои еден единствен Европски социјален модел, меѓутоа, постои заедничка обврска врз принципот на Социјалното пазарно стопанство, онаква каква што е предвидена со нацртот на Уставот на ЕУ.

Во таа смисла се залагаме Европа да се сфати и организира како позитивен одговор на предизвиците. Во смисла на социјал-демократската перспектива Европа значи процес на меѓусебно давање и земање заради заедничките предности. .... Силната Европа претполага постоење на делотворни национални држави кои се едновремено и свесни за сопствените граници во дејствувањето и кои, токму поради тоа, се спремни за кооперација. Како партнери кои се меѓусебно обврзани, таквите држави во Европската Унија го препознаваат историскиот проект од заедничката придобивка. Оваа додадена вредност на Европа бара и задоволителна делотворност на европските институции, бара јасни правила на одлучување и реалистични шанси за тоа дека градењето на политката може да се придобие

меѓу мнозинството. Затоа се залагаме за еден Европски Устав. Ние, социјал-демократите сме убедени дека силната Европа треба да биде транспарентна и демократска, доколку сака нејзините одлуки да бидат прифатени од луѓето. ....

ЕУ даде значителен придонес во отворањето на пазарите. Тие процеси би требало да бидат следени од политиката на минималните стандарди. На местото на нефер социјалната и даночна конкуренција, социјалните стандарди мораат да го отворат патот за координација на централните даночни стапки и на законски утврдените минимални плати. Соодлучувањето на работниците се покажа како посебно продуктивна сила, кое сакаме да се примени во европските претпријатија. ....

Доколку успееме да ги зајакнеме способностите за дејствување, а посебно способноста за координација на ЕУ, тогаш на ЕУ мораме да ѝ овозможиме и соодветни финансиски реурси. За да се постигне оваа цел вистинскиот пат перспективно гледано би бил во создавањето сопствен извор на даноци на ЕУ. ....

*Фер конкуренција и иновација: обновување на Социјалното пазарно стопанство*

Ние, социјал-демократите се залагаме за фер конкуренција на пазарот. Таа претставува значајна основа на нашата благосостојба. Меѓутоа, пазарите не се совршени. Затоа, за да функционираат им се потребни фер правила и јасни рамки. ....

Нужна е економска политика која одговара на реалната ситуација, која ќе ги јакне како понудата така и побарувачката. .... Сакаме добри услови за конкуренција на нашите претпријатија. Но главниот тест за политиката ориентирана кон понуда мора да се заснова на тоа дали таа навистина доведува до зголемување на инвестициите и дали води кон вработувања. ....

**Нужни се јавни инвестиции кои постојано ќе растат**

Иновативната и конкурентската економија значително повеќе инвестира во инвестиции, образование, истражување и инфраструктура. Нужни се јавни инвестиции кои постојано ќе растат. ..... Бидејќи од тие инвестиции сите заедно ќе имаат корист, и претпријатијата и поимотните приватни домаќинства мораат поинтензивно од досега да придонесат во даночното финансирање на овие задачи. ....

Во една динамична економија не можат да постојат гаранции за постоењето на претпријатијата на одредени локации. Меѓутоа, истовремено профитабилните претпријатија мораат да бидат заштитени од краткорочни напади и од непријателски преземања од страна на претпријатија. Отворените пазари на финансии и капитал можат само тогаш да бидат од корист за стопанството и за заедничкото добро, доколку се регулирани и доколку се обврзани кон транспарентност.

Новите форми на креирање на работното време и на платите не смеат да доведат до еднострано префрлување на ризиците на вработените жени и мажи. Оној кој бара повеќе флексибилност мора да понуди и нови гаранции. Потребни ни се заедничките напори на стопанството, вработените и државата, за да може принципот на доживотно учење да стане реалност.

**Оној кој бара повеќе флекбилност, мора да понуди и нови гаранции**

На нашето општество му е потребен консензуз околу тоа, кои јавни добра би требало да бидат исклучени од чистиот пазарен принцип. Од социјал-демократска перспектива тука приоритетно спаѓаат во прв ред образованието, здравството и безбедноста. Сепак, државата не мора самата да ги обезбеди овие добра. Во многу случаи може да биде поцелесообразно, државата да им обезбедува на луѓето пристап кон јавните добра и да отвори простор за приватна иницијатива. Потребен ни е консензуз и во однос на тоа кое знаење мора на едно општество да му стои на располагање како јавно добро кое ќе можат сите да го користат.

Во однос на значајните пазари на иднината ние се залагаме за индустриско-политички алијанси од стопанството, истражувањето, вработените и политиката. Модерната индустриска политика и политиката на давање услуги денес во прв ред значи да се зајакнат иновациските сили на тие пазари. Таму каде пазарите се закостенчени, таму мора да се засили конкуренцијата. Државата може со сопствената побарувачка или

со интелигентна регулатива да дејствува како пионер и на пазарите на иднината да им даде значајни импулси.

Не можеме повеќе да сметаме на тоа дека во сите региони на нашата земја ќе ни успее да најдеме доволно работа за луѓето. Затоа е нужна готовност на луѓето да отидат таму каде има работа. ....

Учеството на вработените во располагањето и донесувањето одлуки претставува значаен принцип на Социјалното пазарно стопанство и на социјалната демократија. Затоа нагласено се залагаме за тарифната автономија и за соодлучувањето. Тое едновремено се клучни елементи на стопанската култура која е свесна за соодговорноста на претпријатијата и на актерите во финансиските пазари заради доброто на општеството.

*Нова идеја: социјална држава која делува превентивно*

Централен елемент на новиот социјален договор за Германија мора да биде модернизирана и позитивна идеја за нашата социјална држава. Не сакаме осиромашена структура на социјалната држава, туку сакаме подобра социјална држава. Нашата водечка идеја за 21. век е социјалната држава која делува превентиво, која посилно од досега инвенстира во луѓето и нивните потенцијали.

Социјалната држава која делува превентивно и инвестира во луѓето го унапредува вработувањето, го става акцентот на превентивната здравствена заштита и ја спречува сиромаштијата. Таа заедно со оние кои се засегнати, ја креира демографската промена и го признава егзистенцијалното значење на образованието како за поединецот така и за иднината на нашето општество. .... Социјалната држава треба да ги активира луѓето тие да го креираат својот живот според сопствена одговорност. Истовремено таа треба да биде држава на која луѓето ќе можат да се потпрат. Луѓето ѝ веруваат само на онаа социјална држава која им нуди долгорочна сигурност. ....

**Социјалната држава во иднина мора посилно да биде насочена кон статусот на граѓаните, а помалку кон формата на дејноста. Би требало да се намали нивото на придонесите, а да се зголеми уделот на даноците**

Социјалната држава [мора] во иднина посилно да биде насочена кон статусот на граѓаните, а помалку кон обликот на дејност на луѓето. Истовремено, социјалната држава на иднината има потеба од поширока основа на финансирање која помалку отколку до сега ќе се ослонува на придонесите за социјално осигурување. Нивото на придонесите би требало да се намали, а уделот на даноците да се зголеми, за да можат сите, а не само оние кои се во работен однос, да учествуваат во солидарното финансирање. ....

Еднаквите шанси за мажите и жените во општеството, семејството и професијата остануваат централна задача. Нашите цели се преструктуирање на пазарот на труд согласно потребите на половите и рамноправна распределба на платениот и неплатениот труд. Сакаме и жените и мажите подеднакво да можат да ги реализираат своите професионални желби и да можат партнерски да ја поделат грижата за семејството. Работиме во корист на целта за надминување на традиционалната поделба на улогите во изборот на студиите и професиите. Таа претставува клуч за трајно подобрување на шансите на жените за работа, заработувачка и градење на кариера.

Сите луѓе, независно од нивниот работен статус, треба да земат учество во медицинско-техничкиот напредок. Сите граѓанки и граѓани мораат да се вклучат во солидарноста на нашиот здравствен систем. ....

И во иднина мора на сите луѓе да им се овозможи во старост да располагаат со доволно приходи. Меѓутоа, генерацијата која стопанисува и која плаќа придонеси не смее да се преоптовари.

.... Обезбедувањето на животниот стандард во иднина ќе биде можен единствено со комбинација од законската пензија и личната превенција за пензиско згрижување.

**Нашата идеја е социјално обезбедена работна биографија за мажите и жените**

Сигурноста и учеството се овозможуваат во прв ред преку стопанисувањето. Луѓето треба да бидат во состојба долг период од својот живот да работат. Затоа социјалната држава која делува превентивно и која инвестира во луѓето мора да придонесе извршувањето на работната дејност да овозможи еден нормален живот и признание, да не ги прави болни, да ги обезбедува и гради постојните квалификации, како и сето тоа да може да се усклади со животот во кругот на семејството. Нашата идеја е социјална обезбедена работна биографија за мажите и жените. Тоа пред сè значи, подобро обезбедување на преминот меѓу различните фази во животот - извршувањето на дејноста и неизвршувањето на дејноста.

## СПД како левичарска народна партија

СПД произлегла од германското работничко движење. Нејзина цел била подобрување на животот на работниците. Во тоа време тоа било големото социјално прашање. Но и денес, ние сме партија која се фаќа во костец со новите социјални прашања и со социјалните прашања наследени од поранешниот период. ....

Нашето општество се карактеризира со мноштво култури, животни стилови, вредносни претстави и интереси. Ние се сфаќаме како левичарска народна партија бидејќи сакаме таа разноликост да ја интегрираме и врземе во основата на нашите темелни вредности. Ние не сме партија само за една одредена класа, слој, регион или за една поединечна група. Сред општеството, ние сме политичката татковина за сите оние кои ја градат Германија според идејата за социјална демократија и кои европски и глобално сакаат да ги остварат начелата на социјалната демократија.

**Единствено доколку општествениот центар може да се придобие за политиката на социјалната демократијата и ако и самиот тој се залага за политиката на социјална демократија, тогаш таа е и можна.**

Со тоа истовремено сме партија на солидарниот центар. Единствено доколку општествениот центар може да се придобие за политиката на социјалната демократија и ако и самиот тој се залага за политиката на социјалната демократија, тогаш таа е и можна. Солидарниот центар е тој кој плаќа даноци бидејќи сака праведна држава која е способна да дејствува. Тој е оној, кој со голем ангажман се грижи за тоа солидарното граѓанско општество да заживее и да живее во пракса.

Основно за нашата политика се темелните вредности на слободата, правдата и солидарноста. Единството на овие три темелни вредности врзани во политичкиот проект на социјалдемократијата нас нè прави различни од сите други партии. Како дел од социјалистичката интернационала и од европската социјал-демократија, СПД денес повеќе отколку кога било, води програмски дијалог со сите сестрински партии. Интернационалната социјал-демократија ја претставува најзначајната сила кога станува збор за тоа глобализацијата на пазарите да се формира преку глобализација на политиката која делува во корист на човекот.

## Досегашни изданија на серијата публикации „Визии и опции за Југоисточна Европа“

| | |
|---|---|
| 1. Влијанијата на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство<br>***Лотар-Вите - д-р Хајнрих Засенфелд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/10.EvropskiSocijalniModel.pdf |
| 2. Новата политичка економија на европскиот социјален модел (модели)<br>***Патрик Дијамонд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/25.Nova_politicka_ekonomija.pdf |
| 3. Европски стопански и социјален модел<br>***Мариус Бусемаер, Кристијан Келерман, Александар Петринг, Андреј Штухлик***[1*] | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/26.Evropski_privredni_i_socijalni_model.pdf |
| 4. Социјалдемократска програматика по проширувањето на Европската Унија<br>***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/27.Socijaldemokratski_program_nakon_prosirenja_Europske_unije.pdf |

## Досегашни изданија на серијата публикации: „Материјали за социјалната демократија“

| | |
|---|---|
| Социјалнодемократската партија на Германија (SPD) и медиумите<br>***Ања Круке*** | www.http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/19.gledati%20svet%20iznova.pdf |
| За модернизацијата на Берлинската програма – без лажен пиетет!<br>***Фриц В. Шарпф*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/20.za%20modernizaciju%20berlinskog%20programa.pdf |
| Една година подоцна: Источна и Средна Европа во кризата на пристапувањето кон ЕУ<br>***Михаел Ерке*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/21.godinu%20dana%20posle.pdf |
| За флексибилноста на Пактот за стабилност<br>***Анґелика Швал-Дирен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/22.fleksibilna%20primena%20umesto%20striktnog%20pridrzavanja.pdf |
| Капитализамот и социјалното пазарно стопанство<br>***Иринг Фечер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/23.kontroverze.pdf |
| Социјалистичката Интернационала и глобалната демократија<br>***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/12_socijalisticka_internacionala_i_%20globalna_demokratija.pdf |
| Либералната илузија по изборите: Заеднички пазар без политичка унија<br>***Михаел Даудерштет*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/13_liberalna_iluzija_posle_odrzanih_referenduma.pdf |
| Нови акценти во социјалната политика<br>***Волфганг Шредер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/26.novi%20akcenti%20u%20socijalnoj%20politici.pdf |
| За користа на големата коалиција во преодните периоди<br>***Клаус Шенхофен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/27.stabilnost%20umesto%20zatisja.pdf |

FRIEDRICH
EBERT
STIFTUNG